УСВОЈУВА:Совет на Општина Новаци

ЈУЛИ-АВГУСТ-СЕПТЕМВРИ

-Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за периодот Април–Јуни 2019 година.

ИЗРАБОТУВА: Оделение за финанси ибуџет

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финанси,буџет, и ЛЕР

УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

-Квартален извештај за финансиското работење на ОУ"Славко Лумбарковски" Новаци за периодот Јануари-Март 2019 година.

ИЗРАБОТУВА: Оделение за финанси ибуџет

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финанси,буџет, и ЛЕР

УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

-План за капитални инвестиции 2019-2021 година

ИЗРАБОТУВА: Работна група

РАЗГЛЕДУВА: Комисија за регионален развој
УСВОЈУВА :Совет на Општина Новаци

-Информација за здравствената состојба и здравствената заштита на населението на Општина Новаци во 2018 година, со укажување на здравствените преиоритети.
-Запознавање со епидемиолошката состојба односно движење на заразните заболувања во Општината за 2018 година.
ИЗРАБОТУВА: Завод за здравствен заштита-Битола
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА : Совет на Општина Новаци

-Информација за водоводната мрежа во месните заедници од населените места.
ИЗРАБОТУВА: Оделение за комунални дејности и месните заедници
РАЗГЛЕДУВА Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
УСВОЈУВА Совет на Општина Новаци

ОКТОМВРИ-НОЕМВРИ-ДКЕМВРИ

Кварталниот извештај за извршување на Буџетот на Општина Новаци за периодот Јули–Септември 2019 година.
ИЗРАБОТУВА: Оделение за финанси и буџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финанси,буџет, и ЛЕР
УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

-Квартален извештај за финансиското работење на ОУ"Славко Лумбарковски" Новаци за периодот Јули–Септември 2019 година.
ИЗРАБОТУВА: Оделение за финанси и буџет
РАЗГЛЕДУВА: Комисија за финанси,буџет, и ЛЕР
УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

Извештај за реализација на Програмата за јавно осветлување на Општина Новаци за 2019 година.
ИЗРАБОТУВА Оделение за комунални дејности
РАЗГЛЕДУВА : Комисија за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.
УСВОЈУВА Совет на Општина Новаци

-Информација за работите што се однесуваат на јавната безбедност и безбедноста на собраќајот на патиштата во Општината.
ИЗРАБОТУВА:Министерство за внатрешни работи-Битола
РАЗГЛЕДУВА : Комисија за општествени дејности
УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

-Извештај за работата на Советот на Општина Новаци во 2019 година
ИЗРАБОТУВА: Претседател на Совет на Општина Новаци
УСВОЈУВА: Совет на Општина Новаци

Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2020 година.
ИЗРАБОТУВА: Оделение за општи и правни работи
УСВОЈУВА:Совет на Општина Новаци

-Буџет на Општина Новаци за 2020 година.
-Одлука за извршување на Буџетот на општина Новаци за 2019 година.
ИЗРАБОТУВА: Оделение за финансии и буџет
РАЗГЛЕДУВА : Комисија за финанси,буџет, и ЛЕР
УСВОЈУВА :Совет на Општина Новаци

НОРМАТИВЕН ДЕЛ

Нормативниот дел од Програмата за работа на Советот на Општина Новаци ја регулира нормативната дејност на Советот во 2019 година, односно донесувањето на нормативните акти од негова страна и нивното усогласување со нивните прописи што ќе бидат донесени во текот на 2019 година.

ЗАВРШЕН ДЕЛ

За извршување на програмата се задолжуваат изготвувачите, предлагачите и сите останати учесници да се придржуваат на роковите утврдени во истата.

Во текот на 2019 година Советот на Општина Новаци ќе ги разгледува и сите дополнителни прашања што ќе произлезат од редовното работење.

Програмата ќе се објави во"Службен гласник на Општина Новаци".

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2019 година

1. Објавувам Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани, спортски, технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2019 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/11
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на РМ„ бр.05/2002 , член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци„ број 5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06-12-2018 година донесе

ОДЛУКА

ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФИНАНСИСКИ ТРАНСФЕРИ ДО ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ, СПОРТСКИ, ТЕХНИЧКИ И НАУЧНИ ДРУШТВА, НАМЕНСКИ ДОТАЦИИ ЗА КУЛТУРНО-УМЕТНИЧКИ МАНИФЕСТАЦИИ И ЕДНОКРАТНА ПОМОШ НА ФИЗИЧКИ ЛИЦА И ЛИЦА СО ПОСЕБНИ ПОТРЕБИ ЗА 2019 ГОДИНА

Член 1

Со оваа Одлука се утврдуваат условите под кои може да се поднесе барање за реализација на финансиски трансфери до здруженијата на граѓани, поединци, научни, спортски друштва и други организации од невладиниот сектор, наменски дотации и еднократни парични помошти на физички лица на подрачјето на Општината Новаци.

Член 2

Средствата предвидени во Буџетот на годишно ниво за трансфери до здруженија на граѓани, поединци и наменски дотации според член 1 ќе се распределуваат за следниве намени:

- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти заприродни ресурси во Општина Новаци;
- Поддршка на Здруженија на граѓани и поединци на Проекти од областа на локалниот економски развој, образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот и младите, ресурсите на месните заедници, екологијата, половата еднаквост и др.;
- Поддршка на физички лица од областа на образованието, културата, техниката, науката, здравството, спортот и друго, категоријата на социјала и настрадани семејства од елементарни непогоди.

Член 3

Финансиската поддршка на погоре наведеното во член 2 е можна по доставено барање од барателите до Општината Новаци, доколку истите се регистрирани во надлежен суд на подрачјето на Општината Битола, додека за физичките лица по доставени потребни документи за нивниот статус од надлежните служби.

Член 4

Финансиската помош на наведените трансфери во член 2 алинеја 1, 2 и 3 се доделува до максимален износ од 3.500.000,00 ден. во зависност од извршената евалвација на доставените проекти од страна на соодветните Комисии на Советот на општина Новаци.

Член 5

Финансирањето од Буџетот на Општината Новаци на физички и правни лица се состои во еднократна парична помош за покривање на трошоци од областа на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др.

Средствата за покривање на трошоци од областа на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ од 20.000,00 денари, со акт на Советот.

Средствата за покривање на трошоци од облас на здравство, социјала, култура, спорт, образование, погребални трошоци и др, кои се движат до максимален износ до 10.000 денари, со акт од градоначалникот.

Барателите се должни да достават соодветен акт или потврда од надлежна институција.

Член 6

Еднократна парична помош ќе се доделува и на семејства настрадани од елементарни непогоди.

Помошта би се движела во зависност од причинетата штета и би се сведувала на две категории:

- Прва категорија А -50.000ден.(Во исклучително тешки случаи).
- Прва категорија Б -20.000ден.
- Втора категорија - 10.000 ден.

Составен дел на барањето би бил записникот од извршениот увид и проценетата штета на соодветна овластена институција или Комисија формирана од Советот.

Член 7

Средствата предвидени во Буџетот ги доделува Комисијата за финансии и буџет - Советот на Општината Новаци и Градоначалникот на Општината Новаци.

Член 8

Заинтересирани поединци, здруженија на граѓани, организации од невладиниот сектор и други асоцијации од Општината Новаци, можат да ги доставуваат барањата и да настапуваат преку заеднички проектни активности во соработка со општинската администрација и соодветните комисии при изработката на проекти.

Член 9

Корисниците на средствата се обврзни да поднесат Извештај за начинот на реализацијата на добиените средства

Член 10

Доколку брањата на подносителите не се поткрепени со потребната документација (програми и проекти и сл.) Комисијата-Советот, нема да ги разгледува.

Член 11

При распределбата на средствата за оваа намена од соодветните ставки на Буџетот на Општинта Новаци, се предлага комисиите при Советот на Општината Битола да се придржуваат на овие критериуми.

Член 12

Одлуката влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општината Новаци„.

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавувањеОдлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

1. Објавувам Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/12
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци бр. 5/02г), а во согласност со Правилник за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен весник на Р.М.г бр. . 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 65/15, 217/15, 52/16), Советот на Општина Новаци на седницата која се одржа на ден 06.12.2018 година да ја донесе следната

ОДЛУКА
за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

Член 1

СЕ ОДОБРУВА вклопување на бесправно изграденият објект индивидуална семејна зграда бр. 1 опишана во Геодетскиот елаборат за геодетски работи за посебни намени , изработен од ДООЕЛ Гео ленд Битола бр. **0804-251/3-18 од 20.04.2018** година на **КП 543/3 КО Добромири** во идната урбанистичко-планска документација за село Добромири , по барање на **Светлана Талевска ембр. 0509972415022 од с.Добрушево, Славица Тодорчевска ембр. 2904961415032 од с.Добромири и Коца Јоновска ембр. 1601959415002 од Битола ул. Бихаќ бр.13 со бр. 09-20 од 13.11.2018 година .**

Член 2

За с.Добромири, Општина Новаци нема изработено урбанистичко-планска документација.

Доколку барателот , пред донесување на идна урбанистичко-планска документација од страна на Општина Новаци , поднесе барање за издавање на одобрение за градење за градба на предметната парцела должен е за своја сметка да го спроведе изработувањето и донесувањето на соодветна урбанистичко планска документација.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-965/15
06.12.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци

1. Објавувам Одлука за одобрување на финансиски средства за Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/13 ОпштинаНоваци
11.12.2018 год. Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на РМ„ бр. 5/02), а во согласност со член 21 став 1 точка 44 и член 46 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на општина Новаци бр. 5/02„), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06-12-2018 година ја донесе следната

О Д Л У К А

за одобрување на финансиски средства за Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци

Член 1

СЕ ОДОБРУВААТ финансиски средства во висина до **100.000,00 денари** на Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци, за организација на работата за 2018/2019 година

Член 2

Средствата ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Новаци .

За искористените средства да се достави Извештај

Член 3

Средствата ќе се исплаќаат со посебно решение од градоначалникот на Општина Новаци

Член 4

Средствата да се префрлат на Ж-сметка:500000000723162, на име Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци, при Стопанска Банка Битола.

Член 5

Одлуката влегува во сила со денот на донесување иќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-965/16 Совет на општина Новаци
06.12.2018 год. Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК
За објавување Планирани
едногодишни капитални инвестиции
за 2019 година во општина Новаци

1. Објавувам Планирани едногодишни капитални инвестиции за 2019 година во општина Новаци, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/14
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 став 1 од Закон за локална самоуправа(„ Службен весник на РМ„бр.5/2002год), а во согласност со член 21 и член 46 од Статуот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр.5/2002), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06.12.2018 година донесе:

Планирани едногодишни капитални инвестиции
за 2019 година во општина Новаци

Планираните едногодишни капитални инвестиции за 2019 година во општина Новаци:

1.Изградба и реконструкција на улици-програма	4.000.000,00 денари
2Изградба и реконструкција на полски патишта	3.900.000,00 денари
3.Градежни материјали	2.000.000,00 денари
4.Ангажирање на градежна механизација	3.000.000,00 денари
5.Одржување на улично осветлување	1.000.000,00денари
6.Изградба фекална канализација во с.Новаци	1.000.000,00денари
7.Изградба атмосферска канализација во с.Новаци	650.000,00 денари
8.Уредување на чешма во с.Добровени	300.000,00 денари
9.Изградба спортско игралиште во с.Бач	2.000.000,00 денари
10.Уредување на појој во с.Гермијан	1.500.000,00 денари
11.Реконструкција на училиште во с.Агларци	300.000,00 денари
12.Реконструкција на продавници во с.Далбеговци и Армат	2.500.000,00 денари
13.Купување на возила	1.700.000,00 денари
14.Зимско одржување	1.300.000,00 денари

Совет на Општина Новаци
Претседател
Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Измени на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018година

1. Објавувам Измени на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018година , донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/15
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 22, став 1, точка 1, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), член 15 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02) а во согласност со член 20 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Сл. весник на РМ бр. 199/14 и 44/15), Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06.12.2018 година донесе:

ИЗМЕНИ НА ПРОГРАМАТА

за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци

за 2018година –

Со цел излегување во пресрет на барањата и потребите на локалното население предлагаме Годишната програма за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018година да се дополни со изработка на

- **Локална урбанистичка планска документација (со намена А1 – домување во станбени куќи, на дел од КП 2876/3 КО Градешница, Општина Новаци (согласно член 46 став 3 од ЗПУП)**
- **Проект за инфраструктура за изградба на локален пат врска ОП 102 с. Тепавци**

ВОВЕД

Планирањето е основа за создавање на единствена реална функционална целина, преку која се овозможува и отворање на нови локации за: домување, комерцијални и деловни намени, јавни институции, производство, дистрибуција и сервиси и зеленило и рекреација.
Планирањето се овозможува преку:

- Изработка на Урбанистички планови за село
- Изработка на урбанистичко планска документација
- Локална урбанистичка планска документација
- Проекти за инфраструктура
- Архитектонско урбанистички проект

ПЛАНИРАЊЕ

Врз основа на годишната програма за изработка на плановите, општината (нарачателот на планот) склучува договор со овластена организација за изработка на урбанистички планови. Со договорот се утврдува содржината на планот (програма), роковите за изработка, начинот на плаќање и други права и обврски на нарачателот и изработувачот на планот.
Финансирањето на урбанистичките планови се планира да се обезбеди со:

- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште
- Средства од надомест за уредување на градежно земјиште и од самофинансирање на од заинтересирани правни и физички лица

- Самофинансирање од правни и физички лица
- Агенција за финансиска подршка на земјоделието и рурален развој
- Средства од утврдување на правен статус на бесправни градби
- Буџет на Општина Новаци и други извори

За 2018 година се предлага изработка на следните планови:

УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. Урбанистичко планска документација за изградба на автокамп
2. Урбанистичко планска документација за изградба на туристичка развојна зона

ЛОКАЛНА УРБАНИСТИЧКА ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ЛУПД за изградба на Индустриска зона со намена Г2 – лесна и незагадувачка индустрија на дел од КП 1394/1 КО Новаци, с. Новаци
2. ЛУПД за изградба на намена Д3 – спорт и рекреација на КП 486 и дел од КП 487 КО Скочивир
3. **Локална урбанистичка планска документација (со намена А1 – домување во станбени куќи, на дел од КП 2876/3 КО Градешница, Општина Новаци (согласно член 46 став 3 од ЗПУП)**

ПРОЕКТИ ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

1. Проект за инфраструктура за изградба на цевковод за водоснабдување на с. Живојно и с. Добровени
2. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Добромири
3. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Рибарци
4. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за с. Гермијан
5. Проект за инфраструктура за изградба на фекална канализација за село Бач
6. Проект за инфраструктура за изградба на систем за наводнување со придружни објекти на река Елешка, КО Гермијан, Општина Новаци
7. Проект за инфраструктура за изведба на сообраќаен приклучок на улица дел од регионалниот пат Р 1311, КО Новаци, со цел да се дефинира сообраќајниот пристап до парцелата.
8. Проект за инфраструктура за изградба на атмосферска канализација (кај фудбалско игралиште) во село Новаци, КО Новаци
9. Проект за инфрастуктура за сообраќаен приклучок на градежна парцела на КП1513/1 и КП1513/2 КО Новаци за намена Е2-комунална супраструктура
10. Проект за инфраструктура за изградба на локален пат рег. пат Р511 – крстосница с. Старавина – с. Будимирци до манастир Св. Атанас.
11. **Проект за инфраструктура за изградба на локален пат врска ОП 102 с. Тепавци**

АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

1. АРХИТЕКТОНСКО УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ИЗГРАДБА НА Ф-КА ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЦО2, МИНЕРАЛНА ВОДА И ЕКСТРАКТИ ОД ТРЕВИ И БИЛКИ ЗА КП БР. 876 И ДЕЛ ОД КП 877, М.В. ДЕЛОВИ, ОПШТИНА НОВАЦИ
2. АУП за формирање на градежна парцела на КП 1513/1 КП 1513/2 КО Новаци за намена Е2 – комунална супраструктура (бензинска станица со придружни содржини) – согласно Општ акт за село Новаци
3. АУП за комплекс стопански двор „Родопи котон" во с. Гермијан, Општина Новаци (согласно Урбанистички проект за комплекс на стопански двор „Родопи котон" село Гермијан, битолско, Министерство за транспорт и врски Подрачна единица Битола, УП.бр. 14-995-1/2000 од 29,01,2001

УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

1. УПС за село Добромири
2. УПС за село Бач
3. УПС за село Далбеговци
4. УПС за село Горно Агларци
5. УПС за село Долно Агларци
6. УПС за село Новаци
7. УПС за село Гермијан
8. УПС за село Живојно
9. УПС за село Рибарци

ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Пред склучување на договорот со изготвувачот на планот, потребно е да му се достави Проектна програма која ќе ги содржи сите програмски насоки, потреби и функции, кои планот треба да ги содржи. Ова е со цел да се добијат квалитетни планови, истовремено и планови кои несметано ќе се реализираат.
Цената на плановите се пресметува по хектар од испланираната површина, по договор со правниот субјект – фирмата регистрирана за изработка на урбанистички планови, по пат на јавна набавка, согласно Законот за јавни набавки.
Во зависност од потребите, оваа програма може да се изменува и дополнува, со претходна согласност на Советот на Општина Новаци.
Оваа програма влегува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен гласник на Општина Новаци.

Совет на Општина Новаци
Претседател

Наумче Смилевски

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Решениеза разрешување на член на Општински совет за превенција на детско престапништво и именување на нов член

1. Објавувам Решениеза разрешување на член на Општински совет за превенција на детско престапништво и именување на нов член, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/16
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа на член 36 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ„ бр.5/02), а во согласност на член 21 и член 51 став 2 од Статутот на Општина Новаци („Службен гласник на Општина Новаци„ бр. 5/02)„ Советот на Општина Новаци на седницата одржана на ден 06.12.2018 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за разрешување на член на Општински совет за превенција на детско престапништво и именување на нов член

1.СЕ РАЗРЕШУВА Пеце Талевски од член на Општински совет за превенција на детско престапништво, не е повеќе во работен однос во ООУ „Славко Лумбарковски„Новаци

2. СЕ ИМЕНУВА Билјана Китановска за член на Општински совет за превенција на детско престапништво,преставник од ООУ „Славко Лумбарковски„Новаци

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-965/19
06.12.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Заклучок за доставување на Извештај од ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци за платени и неплатени сметки за комунална услуга

1. Објавувам Заклучок за доставување на Извештај од ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци за платени и неплатени сметки за комунална услуга, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/17
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 46 и член 21 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 06-12-2018 година донесе

ЗАКЛУЧОК

за доставување на Извештај од ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци
за платени и неплатени сметки за комунална услуга

Член 1

ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци да достави до општина Новаци Извештај за платени и неплатени сметки за комунална услуга-собирање на ѓубре.

Член 2

Заклучокот да се достави до ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци

Член 3

Заклучокот влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-965/20
06.12.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

Врз основа на член 50 став 1 т.3 од Законот за локална самоуправа(„Службен весник на Р.М.„бр.5/02) и член 37 од Статутот на Општина Новаци„бр.5/02, донесувам

ЗАКЛУЧОК

За објавување Одлука за ослободување од плаќање на такси на општината за семејството на загинат бранител во Воениот конфликт 2001 година.

1. Објавувам Одлука за ослободување од плаќање на такси на општината за семејството на загинат бранител во Воениот конфликт 2001 година, донесено на седница на Совет на општина Новаци, одржана на 06.12.2018 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Новаци„.

Бр.08-1003/18
11.12.2018 год.

ОпштинаНоваци
Градоначалник
Љубе Кузманоски

Врз основа член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа (Сл. весник на РМ бр. 5/02), а во врска со член 46 и член 21 од Статутот на општина Новаци („Службен гласник на оштина Новаци„ бр.5/02) Советот на општина Новаци на Седницата одржана на ден 06-12-2018 година донесе

ОДЛУКА

за ослободување од плаќање на такси на општината за семејството на загинат бранител во Воениот конфликт 2001 година.

Член 1

СЕ ОСЛОБОДУВА од плаќање на такси на општината, семејството на загинат бранител од општина Новаци, во Воениот конфликт во 2001 година

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на донесување и ќе се објави во „Службен гласник на Општина Новаци„.

Бр.14-965/21
06.12.2018 год.

Совет на општина Новаци
Претседател
НаумчеСмилевски

==========

С О Д Р Ж И Н А Страна

1.Заклучок за објавување Одлука за ко-финансирање на општина Новаци при аплицирање со проект

2. Заклучок за објавување Одлука за утврдување на приоритет на проект

3. Заклучок за објавување Одлука за давање Согласност за намената на инвестицијата

4. Заклучок за објавување Одлука за утврдување на приоритет на проект

5. Заклучок за објавување Одлука за давање Согласност за намената на инвестицијата

6.Заклучок за објавување Одлука за сопствено учество на Општина Новаци при аплицирање со проект

7.Заклучок за објавување Одлука за усвојување на Предлог-Одлука за извршување на Буџетот на Општината за 2019 година

8.Заклучок за објавување Одлука за одобрување Буџетски Календар за 2019 година

9.Заклучок за објавување Програма за зимско одржување на проодноста на општинските патишта и улици на територијата на општина Новаци за сезоната 2018/2019 година

10.Заклучок за објавување Програма за работа на Советот на Општина Новаци за 2019 година

11.Заклучок за објавување Одлука за реализација на финансиски трансвери до здруженија на граѓани,спортски,технички, и научни друштва, наменски дотации за културно-уметнички манифестации и еднократна парична помош на физички лица и лица си посебни потреби за 2019 година

12.Заклучок за објавување Одлука за вклопување на бесправно изграден објект во идна урбанистичко-планска документација

13.Заклучок за објавување Одлука за одобрување на финансиски средства за Здружение Училишен спортски клуб Славко Лумбарковски Новаци

14.Заклучок за објавување Планирани едногодишни капитални инвестиции за 2019 година во општина Новаци

15.Заклучок за објавување Измени на Програмата за изработка на урбанистички планови на територијата на Општина Новаци за 2018година

16.Заклучок за објавување Решениеза разрешување на член на Општински совет за превенција на детско престапништво и именување на нов член

17.Заклучок за објавување Заклучок за доставување на Извештај од ЈКП „Комунална Хигиен„.с.Новаци за платени и неплатени сметки за комунална услуга

18.Заклучок за објавување Одлука за ослободување од плаќање на такси на општината за семејството на загинат бранител во Воениот конфликт 2001 година.

Издавач: Совет на општина Новаци:
Редакција:
Ангелевски Стевче-одговорен уредник
Редакциски одбор:
Момоковски Ристе
Јовановска Летка
Печати: Совет на општина Новаци
Тираж: 20 примероци